Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## **период јануари-март 2023 година**

Скопје, мај 2023 година

# 90

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 1

поведена постапка на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

# 14

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јануари до март 2023 година

# ПРЕТСТАВКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во првиот квартал на 2023 година до КСЗД се доставени 90 претставки, и тоа 69 од физички лица и 21 од правни лица.

Споредено со истиот период од 2022 година, бројот е зголемен за 68,52%.

Поведена е и 1 постапка по службена должност, така што вкупниот број нови предмети за заштита од дискриминација изнесува 91.




Од подносителите физички лица 8 не доставиле податок за припадноста по пол. Од оние кои доставиле, 31 (50,82%) биле жени и 30 (49,18%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 19 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 30 биле Македонци, 9 Албанци, 4 Роми, 1 Србин и 1 Влав. До КСЗД се доставени и 5 претставки од граѓани кои се изјасниле за друга етничка припадност, од кои 3 Бугари, 1 Југословен и 1 не ја посочил припадноста.




Во поглед на возраста, најмногу претставки биле поднесени од граѓани на возраст 41-50 години и 51-60 години. Потоа следат поднесоците од граѓани на возраст од 31-40 години, 61-70 години и 21-30 години. 17 подносители на претставки не доставиле податок за нивната вораст.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ



54 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 5 од Куманово и Кочани
- 4 од Битола и Велес
- 3 од Велес
- по 1 претставка од општините Берово, Валандово, Демир Хисар, Долнени, Маврово и Ростуше, Македонски Брод, Неготино, Пехчево, Ресен, Св. Николе, Струмица, Теарце, Тетово и Штип.
- 2 од ГО со седиште во Брисел
- 2 подносители не доставиле адресен податок

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2023




Во првото тримесечје на 2023 година КСЗД одлучуваше по вкупно 82 предмети за заштита од дискриминација (81 претставки и 1 постапка по службена должност).

Донесени се 48 мислења од кои во 14 случаи се утврди дискриминација, а во 34 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало по 34 претставки.

Заклучно со 31 март 2023 година за 85 претставки постапувањето, односно одлучувањето на КСЗД е во тек.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Видови на утврдена дискриминација




Најчести видови на дискриминација утврдени во првиот квартал на 2023 се директна дискриминација и вознемирување. Во 1 од случаите се утврди дискриминација во два облици.

КСЗД утврди дискриминација од потежок облик во 5 случаи и тоа: директна продолжена дискриминација; директна продолжена и индиректна дискриминација; индиректна продолжена дискриминација; индиректна продолжена интерсекциска дискриминација; и случај на повторено и повеќекратно вознемирување.

### Основи на утврдена дискриминација




Во 14-те случаи на дискриминација КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 10 различни основи. Политичкото уверување е најчеста утврдена основа на дискриминација во првиот квартал на 2023 година. Потоа следат основите: лично својство и општествен статус, етничка припадност, пол, друго уверување, род, припадност на маргинализирана група, образование, религија или верско уверување и здравствена состојба. Утврдени се 3 случаи каде дискриминацијата била сторена врз повеќе основи.

### Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во првиот квартал на 2023 година биле утврдени во областа на работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во областите јавно информирање и медиуми, образование, наука и спорт, правосудство и управа, здравствено осигурување и друга област (работа на општински совет).

Во еден од случаите КСЗД утврди дискриминација во две области.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Индиректна продолжена интерсекциска дискриминација врз индивидуалните земјоделки и земјоделци преку Законот за здравствено осигурување**

Постапувајќи по претставка поднесена од страна на граѓанска организација КСЗД утврди дека со Законот за здравствено осигурување индивидуалните земјоделки и земјоделци се исклучени во остварување на правата на надоместоците - правото на платено боледување на сите индивидуални земјоделки и земјоделци и правото на платено породилно отсуство на жените - индивидуални земјоделки. Комисијата констатираше дека нееднаквиот третман на индивидуалните земјоделци и земјоделки, во однос на останатите здравствени осигуреници при остварување на правото на платено боледување, се должи на основа на нивниот личен статус и припадност на маргинализирана група кои се интерсекциски поврзани. Нееднаквоста на жените - индивидуални земјоделки исто така се должи на интерсекциски повзрани основи, и тоа: пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група. Со оглед дека Законот го продуцира овој вид дискриминација континуирано, долг временски период, се утврди и продолжена дискриминација.

За отстранување на дискриминацијата, Комисијата му препорача на Министерството за здравство да изготви и иницира соодветни измени и дополнувања на Законот во рок од 60 дена.

**Дискриминација врз основа на пол кон жените-осуденички во РСМ**

Осуденичка на издржување затворска казна во КПУ Идризово поднесе претставка во која тврди дека таа и другите жени-осуденички се дискриминирани од страна на Управата за извршување на санкции поради неможност на еднаква основа со мажите да ги користат дел од погодностите на осудените лица пропишани во Законот за извршување на санкции. Имено, само мажите-осудени лица во КПУ Идризово (која е установа од затворен вид) можат по отслужување на 1/3 од казната да поднесат барање и добијат преместување во друга установа од отворен или полуотворен вид. На тој начин тие можат да користат: посети надвор од установата до четири часа; слободен излез од установата до седум часа; отсуство до 15 дена во текот на годината; целосно или делумно користење на одморот надвор од установата, како и работно ангажирање надвор од установата. Осудените лица од женски пол не можат да бидат преместени во установа од незатворен тип и да ги користат овие погодности, затоа што такви установи за женски лица не постојат.

КСЗД утврди директна дискриминација од страна на Управата за извршување на санкции кон подносителката, како и кон сите жени-осуденички во РСМ и препорача во рок од 6 месеци Управата во соработка со други релевантни органи да подготви Акциски план со активности и извори на буџетирање за адаптирање/реконструкција/конструкција на установи од полуотворен и отворен вид за жени-осуденички.

КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk